РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: г-ѓа [redacted]

Предмет: Одговор на претставка

Уп Бр. 03-9

Скопје 11.06.2018г.

Почитувана,

Врз основа на Вашата претставка (бр. 03/9 од 31.05.2018 година), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден надзор на емисијата „[redacted] емитувана на [redacted].2018 година на програмата на Трговско радиодифузно друштво [redacted] ДООЕЛ [redacted]

Со надзорот не е констатирано прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (говор на омраза). Притоа беа земени предвид одредбите од Декларацијата за слобода на политичката дебата во медиумите за тоа дека јавните службеници „мора да прифатат дека ќе бидат подложни на јавен надзор и критика" од јавноста, како и ставот на Европскиот суд за човекови права според кој заштитата на слободата на изразување, гарантирана во член 10 од Европската конвенција за човекови права „е применлива не само за 'информациите' или 'идеите' кои поволно се примаат или не се сметаат за навредливи или пак се сметаат за индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или кој било дел од населението".

Подетална елаборација има во Извештајот од извршениот вонреден надзор спроведен по вашата Претставка, кој Ви го доставуваме во прилог.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009